ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ
KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

Црвен крст на град Скопје објавува:

**ПОВИК**

**за ангажирање на социјален работник**

**Вовед:**

Центарот за поддршка на лица со оштетен вид при Црвен крст на град Скопје пружа секојдневна поддршка на лицата со оштетен вид како што се: професионални тренинзи за вработување, мобилност, пристап до сервиси и лобирање. Центарот за поддршка е социјален сервис наменет за подигање на капацитетите на лицата со оштетен вид, а се наоѓа во просториите на Црвен крст на Република Македонија.

Целта на активностите во Центарот за поддршка е лицата со оштетен вид да го унапредат квалитетот на нивните животи со едукативни работилници, тренинзи, психолошки советувања за лицата со оштетен вид и нивните семејства, процес на социјализација, административна поддршка за реализација на нивните права, превенција од заболувања и подигање на свеста за потребите на лицата со оштетен вид.

Еден вид на поддршка кој е понуден на корисниците на дневна основа е регуларно психолошко советување, социјализација, споделување на информации и совети во врска со инклузија и користење на социјалниот и здравствен систем за грижа во Р. С. Македонија на лицата со оштетен вид и нивните семејства.

Главниот вид на поддршка на Центарот е да служи за  поврзување на јавниот и приватен сектор со цел да се бараат можности за вработување на корисниците преку тренизни, истражувања, кампањи, посети на компании, јавни настани и кариерни саеми.

Корисниците активно можат да придонесуваат кон развивањето на програмската содржина на активностите. Целта е да се тренираат и охрабруваат лицата со оштетен вид да бидат способни активно да учествуваат во секојдневниот живот, јавните проблеми и да бидат вешти да ги решаваат проблемите и подобруваат нивните животни стандарди.

**Профил и квалификации:**

- Завршено високо образование во областа на социјалната работа;

- Минимум 2 години работно искуство како социјален работник, пожелно на наведената проблематика;

- Способност за модерирање на дискусии на фокус групи;

- Добро познавање на системот за социјална заштита во Република Северна Македонија;

- Добро познавање на англиски јазик (пишан и говорен);

- Познавање на алатките на Microsoft Office (Word, Excel итн.);

- Одлични комуникациски и интерперсонални вештини;

- Флексибилност и достапност за работа согласно потребите на проектот временски и просторно;

- Вештина во профилирање на потребите и можностите за работа на целната група;

- Искуство со работа во тим;

- Добри истражувачки способности;

Заинтересираните кандидати потребно е да испратат своја кратка биографија (CV) на следната е-маил адреса: skopje@redcross.org.mk, не подоцна од 15.01.2020 до 12:00 часот. Лицата кои ќе бидат селектирани ќе бидат поканети на понатамошно интервју.